РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-399/5
30-07-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19) и членот 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 37-та седница одржана на 29.07.2026 година, ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот број 12-399/1 од 20.01.2026 година, оформен по пријава со наводи за сомневање за бесправно изграден објект во КО ---------, општина ---------- и ------------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека согласно одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување од причина што за наводите од пријавата постапил друг надлежен орган и не утврдил неправилности во пријавениот случај.

Предметот со број 12-399/1 од 20.01.2026 година како завршен да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на непознат подносител, на ден 20.01.2026 година поднесена е пријава со наводи за сомневање за бесправно изграден објект на парцела КП.--------- КО -----------, општина ------------ и -------------, по која оформен е предмет број 12-399/1 од 20.01.2026 година.
Во пријавата се изнесени наводи дека лицето ---------- ---------------- од Скопје сторил кривично дело „Бесправно градење" од член 244-а од Кривичниот законик поради изведување на градежни работи и изградба на куќа за домување без претходно добиено одобрение за градење од општина ------------ и ------------ на наведената градежна парцела.

Во насока на проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба по предметот, ДКСК достави барање до општина ------------ и ------------, за произнесување со достава на прилог документација во однос на пријавените наводи.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Во доставениот одговор, општина ----------- и ----------- извести дека при увид во службената евиденција на поднесени пријави не постои евидентен доказ за доставена пријава по однос на наведениот предметниот случај за нелегално изграден објект кој се наоѓал на КП бр. --------- КО ----------- општина ------------- и ----------- за тековната и претходната календарска година. Дополнително, се известува и дека од страна на општински градежен инспектор со цел утврдување на фактичката состојба на КП бр.-------- КО ----------- на ден 09.02.2026 година бил извршен вонреден инспекциски надзор. Предмет на инспекцискиот надзор биле изнесените наводи во врска со изведување на бесправни градежни работи на наведената катастарска парцела, при што било констатирано дека изнесените наводи не се потврдуваат односно дека предметната парцела претставува градежно изградено земјиште на која постои изграден стар објект кој не бил обновуван и истиот бил запишан на И.Л. бр.------ за КО --------- на име ------------------------- од Скопје.

Од сето погоре наведено, ДКСК констатира дека за предметниот случај постапил друг надлежен орган - општински градежен инспектор при општина ---------- и ---------- кој не утврдил неправилности и недоследности при инспекцискиот надзор во однос на наводите за бесправно изграден објект на предметната катастарска парцела во општина ----------- и -------------------.

Оттаму, ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за нејзино натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изготвил: П.Б., Советник
Контролирал:Ј.Ц., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: m-r S.D. -член/anëtar